# Извадок на дел од дневни настани18.03.2021

На 17.03.2021 во 23.00 часот на ул.„Цветан Димов" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.Ф.(23) од Скопје затоа што бил затекнат надвор од домот за време на забрана за движење и при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во Полициската станица Бит Пазар и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.03.2021 Мобилната единица за безбедност во сообраќајот на патиштата спроведе зајакната акциска контрола за санкционирање на сообраќајни прекршоци на територијата на Битола. Санкционирани се вкупно 87 возачи, од кои 41 за возење со поголема брзина од дозволената, 11 за возење без возачка дозвола, шест за нерегистрирани возила...Засилените акциски контроли продолжуваат и во наредните денови. Апелираме до сите учесници во сообраќајот да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи и заеднички да придонесеме за побезбедни патишта.

На 17.03.2021 во времето од 10,00 до 16,00 часот полициски службеници од ОБПС Скопје спроведоа зајакната акциска контрола во областа на сообраќајот во населба Драчево во Скопје. Санкционирани се 78 возачи, од кои 18 возеле побрзо од дозволеното, деветмина возеле без возачка дозвола, тројца возачи управувале нерегистрирано возило, а еден возел под дејство на алкохол.

На 17.03.2021 во 18.45 часот во СВР Тетово било пријавено дека, додека управувал патничко моторно возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки по автопатот Тетово-Скопје, на Ш.Ј.(52) од тетовски Копачиндол му се слошило и излетал од коловозот. По незгодата, тој и сопатникот А.И.(62) од истото село биле пренесени во тетовската Клиничка болница, каде што кај Ш.Ј. лекарите констатирале смрт, додека сопатникот завршил со телесни повреди. Јавен обвинител и екипа од СВР Тетово извршиле увид, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено  на семејството.

На 17.03.2021 Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Штип на автопатот Штип – Миладиновци (од клучка Три Чешми до клучка Преод) спроведе контрола на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле откриени 9 возачи кои управувале возила со брзина поголема од дозволената. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

На 17.03.2021 во 19.50 часот во Полициската станица Карпош, Е.В.(48) од Скопје пријавил дека на ул.„Карпошово востание" неговиот син бил каснат од куче скитник.

На 17.03.2021 во 17.00 часот во Полициската станица Драчево, А.К.(40) од Скопје пријавил дека на ул.„Бранко Заревски" неговиот син бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово, до Основното јавно обвинителство Берово поднесе кривична пријава против правно лице и против Д.Ј.(23), Г.Ш.(23), А.Т.(29), А.М.(25), Г.П.(35), сите од Пехчево, И.Б.(21), А.П.(28), В.К.(28), М.Д.(23), Д.Р.(31), Ѓ.А.(26), Б.Б.((38), К.М.(22), М.Б.(28) и Н.Р.(25), сите од Берово, поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија", согласно  член 206 став 1  од Кривичниот законик. Пријавените, на 17.01.2021 околу 18.25 часот во просториите на правниот субјект во Берово организирале и зеле учество на прослава во затворен простор со што за време на епидемија не се придржувале според прописите и наредбите со кои се определуваат мерки за нејзино сузбивање или спречување.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.Ј.(26) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 10.12.2020 во Скопје, пријавениот физички ја нападнал А.Ѓ. и ѝ одзел чанта со пари и лични  документи.

ОВР Кратово поднесе кривична пријава против Д.Т.(27) од Кратово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 05.02.2021 во Кратово, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле 11 куршуми со калибар 7.65 мм за кои не поседувал дозвола.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Р.(20) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 18.02.2020 во Охрид, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „фолксваген пасат" и лицата во него, при што кај кај М.Р. била пронајдена и одземена „марихуана".

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против С.М.(21) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". Во текот на септември 2019 во Кочани, пријавениот продал марихуана на лице од с. Тркање.

Секторот за внатрешни работи Тетово, до Основното јавно обвинителство Тетово, поднесе кривична пријава против правно лице од скопско Рашче и против Н.И.(48) од скопско Долно Свирале поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Физичкото и правно лице на 10.01.2021, вршејќи јавен превоз на патници со минибус „мерцедес" со скопски регистарски ознаки на релација Скопје-Попова Шапка-Скопје, постапиле спротивно на владината одлука со која се ограничувал капацитетот во возилата од јавниот превоз на 50 проценти од вкупниот број патници предвидени за тоа возило.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против П.Ш.(64) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 11.03.2021, полициски службеници извршиле контрола и не го затекнале пријавениот во неговиот дом, при што констатирале дека не го почитува решението за домашна изолација од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против правно лице – угостителски објект од Тетово и К.К.(35) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 04.03.2021, полициски службеници извршиле контрола во угостителскиот објект каде биле затекнати 110 лица кои се забавувале на семејна веселба-свадба. Од инспектори од Државен пазарен инспекторат локалот бил затворен, пријавениот бил лишен од слобода и спроведен во просториите на СВР Тетово.

На 17.03.2021 во 23.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 19.30 часот во угостителски објект на подрачјето на Карпош, по претходна расправија, М.Ј.(24) и Б.К.(23) биле физички нападнати со тврди предмети од И.М.(41) и А.М.(25), сите од Скопје. Двајцата осомничени биле приведени во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.03.2021 во 09.00 часот во СВР Скопје, М.Г.(87) од Скопје пријавил дека на 15.03.2021 околу 08.00 часот на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.03.2021 во 22.00 часот во СВР Скопје, М.Т.(30) од Радовиш пријавила дека околу 19.30 часот на подрачјето на Карпош била физички нападната од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.03.2021 во 16.50 часот во СВР Скопје, О.Ц.(57) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Ченто, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.03.2021 во 12.00 часот во СВР Скопје, С.М.(53) од Скопје, лекар во амбуланта во Шуто Оризари, пријавила дека Р.Е.(40) од Скопје вербално ја нападнал, ја снимал со телефон и ѝ се заканувал. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно расчистување на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 17.03.2021 во 12.00 часот во Полициската станица Центар, Д.П.(26) од Скопје пријавил дека на ул.„Славејко Арсов" бил каснат од куче скитник.

На 17.03.2021 во 18.30 часот во Полициската станица Центар, Е.Љ.(27) од Скопје пријавил дека на Кеј.„13-ти Ноември" бил каснат од куче скитник.

На 17.03.2021 во Полициската станица Карпош, воспитувачка во Јавна Установа за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение пријавила дека од установата самоволно се оддалечила нивната штитеничка М.С.(16), која и претходно повеќе пати се оддалечувала и се враќала во установата. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет